Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 10-15
09 01 2026 год.
ВИНИЦА

Јавен Повик

Општина Виница и годинава ја продолжува традицијата на чествување на спортските успеси, организирајќи ја манифестацијата „Спортски асови 2025“ – настан кој веќе неколку години претставува симбол на признание, вреднување и афирмација на спортот и спортските достигнувања во општината.

Врз основа на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година, Општина Виница објавува Јавен повик за предлагање кандидати за избор на:

- најдобар спортист за 2025 година;
- најдобар млад надежен спортист;
- најдобра спортска екипа;
- најдобар спортски тренер;
- најдобар спортски работник.

Право на учество во изборот имаат сите спортисти, спортски екипи и спортски работници од спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Виница. Секој предложен кандидат е должен да достави копија од важечка клупска легитимација.

При пријавувањето потребно е да се приложат податоци за постигнатите спортски резултати, како и копии од добиените признанија за освоени места на турнири, државни и меѓународни натпревари.

Рокот за поднесување на пријавите е до 02 февруари 2026 година. Документацијата се доставува до Одделението за јавни дејности, преку Едношалтерската канцеларија во Општина Виница.

За дополнителни информации: ☎ 074 248 033

Општина Виница

Градоначалник

Митко Костадиновски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВИНИЦА ОПШТИНА ВИНИЦА